НАЦИОНАЛНА ГАЛЕРИЈА НА МАКЕДОНИЈА
NATIONAL GALLERY OF MACEDONIA





# КОДОТ Б

БОРИС ШЕМОВ BORIS ŠEMOV

# THE CODE B



## Кодот Б

*Маја Крстевска*

Секој нов стадиум или ликовна дисциплина во својот ран стадиум живее врз искуството на претходните. Во нашето време веќе сме стасани до еден препознатлив, автентичен јазик. „Кодот Б“ е проект кој во себе вклучува употреба на различни медиуми - тој е ревизија на човековата инвентивност, на достигнувањата на научната мисла и на идејата за напредокот. Се темели на способноста на креирањето, здобиените искуства кои уметникот ги преиспитува, развива и рафинира како би ги искористил за остварување повисоки дострели.

Борис Шемов во изминатите десетина години практицира во сферата на електронскиот медиум и има остварено вистинска доминација во истата, за да во овој свој најнов проект ни создаде жива слика, реална претстава на креативната мисла.

Иако длабоко теоретски, на овој проект може да му се пристапи од повеќе нивоа, со особено благороден пристап. Ако една од улогите на уметникот е да ни олесни да гледаме различно, тогаш ангажирањето на науката и уметноста е убедлив пример за тоа.

Иницијативата на Борис Шемов го насочува неговиот уметнички потенцијал кон научните откритија, објаснувајќи дека неговите истражувања не се ладни и рационални, туку внесуваат субјективитет во научните идеи и претстави, а не сиров објективизам.

Доживувајќи го делото, посетителот станува активен учесник и сведок на рушење на застарените принципи, верувањето, фаталистичките прикази и ранливоста на органскиот жив свет. Претставени се делови од тела во мултимедијален колаж, преку просторни асамблажи, визионерски предели кои ја менуваат формата и суштината, па на тој начин предизвикуваат ново толкување и дополнување на нашите размисли околу поврзаноста на медиумската положба на телата на нашиот ментален склоп и врските со реалноста.

Преку хронолошката ревизија се гледа дека еволуцијата на сите стадиуми е поттикната од убеденоста за постоењето на можноста, едно неразвиено искуство, водено од извесна желба, потреба или фантастична претпоставка, да биде доведено до степен на реално поставен експеримент, што го прави денешниот човек сè поубедлив во своите одлуки.

Можеби и чисто личните потреби, третирани и од некои его-триповски аспекти, придонесуваат кон развојот токму на моментот на иницијативата на некои сложени форми кои станале или би станале стандарден модул.

Денешниот уметник, освен спектакуларноста, произведува и канал на комуникација. Најважно во целата оваа приказна е што се создава можност да уметноста биде доста забавна.

Значи, уметникот може да биде и забавувач, да нѐ заведе, внесе и да испродуцира најразлични можности, токму со новите медиуми и новата технологија што се појавуваат.

Забава, *да,* во секој случај, но не како седативен хедонизам, туку како модул на манипулација.

И она што како заклучок може да се додаде, како директна порака од уметникот на овој проект, е создавањето, всушност, жива слика, реална претстава на креативната мисла. Да се создаде генетски код, матрица, како што може предметноста да се клонира, да се модифицира и воедно да ѝ се даде нова битност, можност сите нејзини аномалии да бидат исправени така да би можело креативната мисла моментално да се вообличи во појавност, но не само како холограмска претстава туку да ја поседува содржинската квалитативна компонента, со чија цел е и создадена истата.



**Code B**

Maja Krstevska

Each new stadium or artistic discipline, while still in its early stadium, lives upon the experiences of the previous ones. In our time we have already reached a recognizable, authentic language. “Code B” is a project that includes the use of different media - it is a revision of human inventiveness, of the achievements of the scientific thought and the idea of progress. It is based upon the ability to create, upon the acquired experiences that the artist reexamines, develops and refines in order to use them for achieving higher goals.

In the past ten years Boris ?emov has been working in the domain of the electronic medium and he has achieved a real supremacy in that field which helped him devise a live picture in his latest project, a real image of the creative thought.

Although this project is deeply theoretical, it can be approached from several levels, with a particularly noble approach. If one of the artist’s tasks was to make us see differently, then the efforts in the sciences and in the arts are a convincing example of that.

The initiative of Boris ?emov points his artistic potential towards the scientific discoveries, explaining that his researches are not cold and rational - they introduce subjectivity into the scientific ideas and images, and not only raw objectivism.

While experiencing the artwork the viewer becomes an active participant and a witness to the abolishment of the obsolete principles, beliefs, fatalistic images and the vulnerability of the organic living world. It shows body parts in a multimedia collage, in spatial assemblages, in visionary landscapes that change their form and essence, thus calling for a new interpretation and rephrasing of our considerations on the relation between the media position of the bodies within our mental system and the relationships with the reality.

Through a chronological review we can see that the evolution of all of the phases has been incited by the conviction in the existence of the possibility to bring an undeveloped experience, lead by a certain desire, need or a fantastic assumption, to the level of an actually set experiment, which makes the man of today more convinced in his decisions.

It is perhaps the mere personal necessities, treated from some ego-trip aspects, that contribute to the development of this particular moment of initiative of some complex forms that became or would become a standard module.

Along with the spectacle the artist of the present also devises a communication channel. The most important point in this story is that he opens the possibility to make the art considerably entertaining.

So, the artist can also be an entertainer, he can seduce us, he can introduce and produce a variety of possibilities, applying these particular new media and the new technology.

Entertainment *indeed*, yet not as a sedative hedonism, but as a module of manipulation.

And finally, what we might add as a conclusion is that the direct message of the artist in this project is, actually, the making of a living picture, a real image of the creative thought. He aims to formulate a genetic code, a matrix, in the same way objectivity can be cloned, to modify it and concurrently present it with new significance, with the possibility to correct all its anomalies so that the creative thought could be immediately modeled into a particular form, yet not only as a holographic image but as a form possessing the essential quality component that was the initial inspiration for devising it in the first place.

















## Биографија

## БОРИС ШЕМОВ

Роден 1974 год. во Скопје.
Дипломирал 1998 год.
на Факултетот за ликовни уметности во Скопје на сликарски отсек и насока рачно изработена хартија.
Магистрирал на истиот факултет во 2003 год.
Адреса: Партизански одреди бр. 66б 1/17, Скопје
E-mail: ssemovb@hotmail.com
web: www.borissemov.com

**Самостојни изложби:**

1998 год. Скопје, Музеј на град Скопје, „Урбан проект“
1998 год. Охрид, Дом на Култура „Григор Прличев“
2002 год. Скопје, Галерија Аеро, „Компресии“
2003 год. Токио, Галерија Toki Art Space, „Несоници“ (заедно со Игор Сековски)
2003 год. Скопје, Галерија Точка„„Несоници“
2004 год. Штип, Уметничка галерија Безистен
2004 год. Битола, Уметничка галерија, (заедно со Симон Шемов)
2005 год. Скопје, Галерија Точка, „Изложба за еден ден“
2006 год. Скопје, Национална галерија на Македонија, „Кодот Б“

**Групни изложби:**

Има Учествувано на повеке групни изложби во Јапонија, Германија, Италија, Полска, Канада, Бугарија и Македонија.

## Biography

## BORIS ŠEMOV

Born 1974 in Skopje, Republic of Macedonia.
Graduated at the Faculty of Fine Arts, (University st. Ciril and Methodius-Skopje) on the Painting department and course of Hand made paper.
He completed the postgraduate studies in painting in 2003.
Address: “Partizanski Odredi” No. 66b 1/17, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
E-mail: ssemovb@hotmail.com

**Solo Exhibitions:**

1998 Skopje, City Museum, “Urban Project”
1998 Oxrid, Cultural center Grigor Prlicev
2002 Skopje, Gallery Aero, “Compressions”
2003 Tokyo, Toki Art Space, „Sleeplessness“ (with Igor Sekovski)
2003 Skopje, Gallery Tocka, “Sleeplessness”
2004 Štip, Art Gallery Bezizten
2004 Bitola, Art Gallery, (with Simon Šemov)
2005 Skopje, Gallery Tocka, “Exhibition for one day”
2006 Skopje, The National Gallery of Macedonia, “Code B”

**Group Exhibitions:**

He has participate in many international exhibitions in Japan, Germany, Italy, Poland, Canada, Bulgaria and Macedonia.



Издавач: Национална галерија на Македонија, Скопје
Крушевска 1а, 1000 Скопје
Тел. ++ 389 02 31 33 102
++ 389 02 31 09 566
Факс. ++ 389 02 31 26 856
www.mng.com.mk; e-mail: artgall@mol.com.mk;
Мала Станица
Декември 2006

За издавачот: Златко Теодосиевски, директор
Организатор на изложбата: Маја Крстевска
Текст: Маја Крстевска
Стручен соработник: Евица Тасеска
Ликовно обликување: Борис Шемов
Коректура: Михаил Лопарски
Печат: ДПИ

Изложбата е финансирана од Министерството за култура на Република Македонија
Авторски права: © Национална галерија на Македонија

Published by: National Gallery of Macedonia, Skopje
Kruševska 1a, 1000 Skopje, R. Makedonija
Tel: ++ 389 (0)2 31 33 102
++ 389 02 31 09 566
Fax: ++ 389 (0)2 31 26 856
www.mng.com.mk; e-mail: artgall@mol.com.mk
Mala Stanica
December 2006

Editor in chief: Zlatko Teodosievski, director
Text: Maja Krstevska
Curator: Maja Krstevska
Associate: Evica Taseska
Design and layout: Boris Šemov
Corrections: Mihail Loparski
Printed by DPI

The exhibition is financed by the Ministry of Culture of the Republic of Macedonia
Copyright © National Gallery of Macedonia